| Кадар | вкупно | Етничка и полова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | м | Ж | м | ж | м | Ж | м | ж | м | Ж |
| Број на вработени | 32 | 16 | 16 | | | | | | | | |
| Број на наставен кадар | 21 | 9 | 12 | | | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 2 | | 2 | | | | | | | | |
| Административни работници | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| Техничка служба | 7 | 7 | | | | | | | | | |
| Директор | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| Број на слободни работни места | 10 | | | | | | | | | | |
| Вкупен број на работни места | 42 | | | | | | | | | | |

### 3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| **Образование** | **Број на вработени** |
|---|---|
| Последипломски студии-втор циклус | |
| **Високо образование** | 34 |
| **Виша стручна спрема** | 0 |
| **Средно образование** | 2 |
| **Основно образование** | 6 |

### 3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| **Години** | Број на вработени |
|---|---|
| **20-30** | / |
| **31-40** | 10 |
| **41-50** | 10 |
| **51-60** | 12 |
| **61 – пензија** | / |
| **нововработени** | 10 |

### 3.10. Податоци за учениците во основното училиште

Членови на комисија за запишување на учениците: Кети Филипова-психолог, Викторија Костадинова –педагог, Силвана Митевска-одделенски наставник.

**Соколарци**

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | | м | Ж | м | ж | м | Ж | м | ж | м | Ж |
| I | | 6 | 2 | 4 | | | | | | | | |
| II | 1 | 7 | 3 | 4 | | | | | | | | |
| III | 1 | 5 | 4 | 1 | | | | | | | | |
| IV | | 5 | 1 | 4 | | | | | | | | |
| V | 1 | 7 | 6 | 1 | | | | | | | | |
| I - V | 3 | 30 | 16 | 14 | | | | | | | | |
| VI | 1 | 13 | 11 | 2 | | | | | | | | |
| VII | 1 | 10 | 8 | 2 | | | | | | | | |
| VIII | 1 | 4 | 3 | 1 | | | | | | | | |
| IX | 1 | 7 | 5 | 2 | | | | | | | | |
| VI – IX | 4 | 34 | 27 | 7 | | | | | | | | |

**Чешиново**

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | | м | Ж | м | ж | м | Ж | м | ж | м | Ж |
| I | | 6 | 3 | 3 | | | | | | | | |
| II | 1 | 1 | / | 1 | | | | | | | | |
| III | 1 | 8 | 2 | 6 | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IV | | 5 | 4 | 1 | | | | | | | | |
| V | 1 | 7 | 4 | 3 | | | | | | | | |
| I - V | 3 | 27 | 13 | 14 | | | | | | | | |
| VI | 1 | 7 | 4 | 3 | | | | | | | | |
| VII | 1 | 6 | 2 | 4 | | | | | | | | |
| VIII | 1 | 16 | 6 | 10 | | | | | | | | |
| IX | 1 | 13 | 9 | 4 | | | | | | | | |
| VI – IX | 4 | 42 | 21 | 21 | | | | | | | | |

**Спанчево**

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | | м | Ж | м | ж | м | Ж | м | ж | м | Ж |
| I | 1 | 4 | 3 | 1 | | | | | | | | |
| II | 1 | 8 | 3 | 5 | | | | | | | | |
| III | 1 | 10 | 7 | 3 | | | | | | | | |
| IV | 1 | 14 | 3 | 11 | | | | | | | | |
| V | 1 | 7 | 5 | 2 | | | | | | | | |
| I - V | 5 | 43 | 21 | 22 | | | | | | | | |

**Уларци**

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | | м | Ж | м | ж | м | Ж | м | ж | м | Ж |
| I | | 0 | 0 | 0 | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| II | | 1 | / | 1 | | | | | | | | |
| III | 1 | 3 | 1 | 2 | | | | | | | | |
| IV | | 6 | 5 | 1 | | | | | | | | |
| V | 1 | 2 | 2 | / | | | | | | | | |
| I - V | 2 | 12 | 8 | 4 | | | | | | | | |

Забелешка: Училиштето во с. Жиганци е ставено во мирување поради немање на доволен број на ученици, а учениците од ова населено место настава ќе посетуваат во Соколарци.

## 4. Материјално-финансиско работење на основното училиште

Според Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија, општината добива средства, блок дотации од буџетот на РСМ. Тие средства се распределуваат на основните училишта за да се обезбеди реализација на воспитно-образовниот процес во согласност со утврдените стандарди и нормативи. Општината може да ги дополни средствата од сопствени извори, но училиштето може да добие средства и од други извори кои ќе ги користи наменски.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето на редовни состаноци на Советот на родители, Училишниот одбор и Наставнички совет. Одговорните лица преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства, а финансиските средства се распределуваат според потребите и приоритетите во училиштето. На почетокот на учебната година се прави анализа на потребите на вработените (материјални средства, обуки и сл.), потребите за тековно одржување на објектот, па согласно тие потреби и приоритетите се прави распределба на средствата. Буџетот на училиштето се користи голем дел за тековно одржување на објектот и обезбедување оптимални услови за работа, а дел од средствата се користат и за подобрување на квалитетот и учењето преку обезбедување нагледни, наставни средства и обуки за вработените. Буџетските средтсва задоволуваат голем дел од приоритетите, но не во целост.

Училишниот одбор го разгледува и усвојува извештајот за завршната сметка еднаш годишно во месец февруари по претходно детално даден извештај од страна на сметководителот на училиштето. Усвоената завршна сметка се доставува до Општината, Централен регистар, Управа за јавни приходи, Државен завод за ревизија. Во месец септември се разгледува и донесува финансискиот план за наредната година предложен од директорот на училиштето, односно раководниот орган. Училишниот одбор го следи тековно наменското трошење на училишниот буџет на состаноците кои се одржуваат преку целата тековна година со цел да се запазат рамките

на финансовиот план со цел почитување на законските норми. На состаноците се дава известување за секоја потреба од промена на буџетот и секоја пренамена на парите. Училишниот одбор донесува одлука за пренамена на средства и истата се проследува на одобрување од страна на Советот на општина.

На подобрувањето на материјално – техничките услови во училиштето, во сите четири згради, континуирано се работи, плански и според потребите на училиштето. Материјално-финансиското работење на училиштето се пополнува наративно во текот на учебната 2025/2026 год.

## 5. Мисија и визија



**Мисија- Училиштето се стреми кон развивање на социјален, интелектуален и академски прогрес на учениците. Ние обезбедуваме подеднаков напредок на учениците преку развивање на нивните вештини, таленти и потреби. Светот го замислуваме глобално и отворено место, исполнето со почит и разбирање. Инклузивното образование и унапредување на меѓуетничката соработка меѓу учениците, наставниците и родителите е приоритет во работењето на нашето училиште. Квалитетот на воспитно-образовната работа е подобрен со употреба на информатичка технологија, воведување на иновации во наставата и професионален пристап на вработените.**

Во ова поглавје се дефинираат принципите, вредностите, очекувањата, мотото и логото на училиштето.

**Цел на мисијата:** Да бидеме училиште кое нуди современа, модерна, квалитетна настава која е прилагодена на потребите на учениците и ќе овозможи нивно креативно, интелектуално и позитивно оформување и надградување. Да влијаеме на сестраниот развиток на личноста со вистински вредности и начела кои ги стекнала кај нас, а ќе и бидат двигател и водич низ лавиринтите на животот.

**Изјава на мисијата**: Мисијата ќе му овозможи на секој ученик да ги развива своите мисловни, емоционални, социјални и индивидуални способности преку усвојување знаења и вештини, да развие граѓанска свест за сопствениот, националниот и културниот идентитет, почитување на луѓето и грижа за здравјето и здравата околина.

**Визија- Визија на училиштето е да ги инспирира учениците до нивниот максимален потенцијал, воедно да ги мотивира на потикнување на одговорно однесување и вредна работа. Учењето, хармонијата и просперитетот на учениците од нашево училиште кон посветла иднина. Адаптирање и проширување на просторните капацитети на училиштето и набавка на современа технологија ќе овзможат да создадеме подобра клима за работа и среќно опкружување за сите. Прилагодување на наставата според потребите на учениците, почитување и поддржување на различностите ќе создадат услови за подобра инклузија на сите ученици.**



**Изјава на визијата:** Нашите ученици да се стекнат со вештини и знаења кои ќе им помогнат да се изградат во здрави и одговорни личности, подготвени за предизвиците на животот, оспособени да го применат стекнатото знаење и вештини. Со позитивно изградените вредносни системи тие да бидат носители на општествено – корисна работа, ценети и пожелни во пошироката општествена заедница.

**Цел на визијата:** Преку воспитно образовниот процес да се влијае на создавање на здрави личности во поглед на физичкото, менталното и социјалното здравје кои ќе ги остварат обврските на одговорни граѓани. Стекнатите знаења и вештини да бидат трајни и истите да можат да ги применуваат во понатамошното образование и извршување на работните задачи. Остварувањето на визијата, училиштето ќе го овозможи преку стекнување на знаења, вештини и позитивни вредности на личноста. Континуирано ќе работи на остварување на целта на визијата преку учење, критичко мислење, напредување од сите области користејќи ги потенцијалните средства со кои располага училиштето и околината. Тие ќе бидат реализирани преку подрачјата за планирање на наставните програми.

**Мото:Училиште за секое дете.**

## 6. „Lessons Learned“ – Веќе научено/Стекнати искуства

Поучени од позитивните ефекти на реализираните активности со партнер училиштето од минатата година планираме да ги реализираме и прошириме активностите и во оваа учебна година. Посебен приоритет ќе ни биде реализацијата на воннаставни активности во делот на меѓуетничката интеграција со партнер училиштето. Стекнатите позитивните резултати ќе бидат искористени при реализација на други активности во проектот за меѓуетничка интеграција. Минатата година нашето училиште стана Вело-училиште со реализирани повеќе вело-активности кои што планираме да ги реализираме и во оваа учебна година. Во училиштето и понатаму ќе продолжи со едукација за еколошко образование и интегрирање на што повеќе еко содржини во наставните и воннаставните активности се со цел на создавање на свест за чиста околина, здрав живот и здрави генерации. Минатата година се вршеше дететктирање на учениците со посебни потреби при што планираме и оваа година да се спроведат истите активности со цел полесно да се вклучат учениците во воспитно образовниот процес.

# 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Поаѓајќи од самоевалуацијата на училиштето, извештаите на училиштето, потребите на учениците, наставниците и другите вработени, соработката со родителите и локалната средина, имајќи ги во предвид дефинираната мисија и воспоставената визија ги определивме потребите на промени на училиштето. Се потрудивме да ги определиме приоритетните барања имајќи во предвид дека е потребно тие да бидат остварливи и да се во рамките на нашите можности и потребите за понатамошно дејствување ги издвоивме следниве приоритети:

| **Приоритетно подрачје на промени** | **Подобрување на материјално- техничките услови** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цели:**<br>- Подобрување на условите за работа во училиштето<br>- Зголемена заинтересираност за престој во училиштето<br>- Безбедна училишна средина<br>**Очекувани исходи:**<br>- Средината е интересна и мотивирачка за учениците<br>- Зголемен интерес за учење од страна на учениците<br>- Учениците постигнуваат повисоки резултати<br>**Задачи :**<br>- Дефинирање на потребите за реновирање, доопремување и адаптирање на училишните згради<br>- Обезбедување на финансиски средства за реализирање на реновирањето<br>-да се одржуваат часовите според планирањата согласно наставниот план и програма и солидни во услови | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Реновирање на спортската сала во ПУ Чешиново | -учениците и наставниците имаат подобри постигнувања;<br>-полесно и подобро изведување на часовите по физичко образование | - Директор<br>- технички персонал<br>- фирма ангажирана по тендер | - Во текот на учебната 2024/25 година | сопсвени средства, побарани донации | тим формиран од страна на директорот |
| **Приоритетно подрачје на промени** | **Подобрување на квалитетот на воспитно образовната работа** | | | | |

**Цели:**
- Овозможување нагледност при реализацијата на наставата
- Подигање на интересот и мотивот за учење кај учениците, а последователно на тоа и постигнување на повисоки резултати
- Зголемување на книжниот фонд во библиотеката
- Спроведување современа настава

**Очекувани исходи:**
- Зголемен интерес за учење од страна на учениците
- Наставата е интересна и мотивирачка за учениците
- Учениците постигнуваат повисоки резултати
- Зголемена соработка меѓу наставниците и размена на искуства и идеи

**Задачи:**
- Дефинирање на видот и количината на нагледни средства кои ќе бидат набавени
- Изработка на нагледни средства од страна на учениците и меѓуодделенска размена на истите
- Спроведување хоризонтално учење меѓу наставниот кадар

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси** | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Набавка на нагледни средства и помагала | -интересот за учење кај учениците е зголемен;<br>-учениците имаат подобри постигнувања;<br>-се забележува намалување на отсуството од настава;<br>-наставниците полесно ја планираат и реализираат наставата | - Директор<br>- Наставници | - Во текот на учебната 2025/26 година | -финансиски средства од сопствена сметка<br>-донации | -тим формиран од страна на Наставнички совет |
| -надополнување на книжниот фонд во библиотеката | -наставниците полесно ја планираат и реализираат наставата<br>-учениците имаат подобри постигнувања по македонски јазик со читање на лектири и слободна литература | - Директор<br>- Наставници | - Во текот на учебната 2025/26 година | -финансиски средства од сопствена сметка -донации | -тим формиран од страна на Наставнички совет |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Хоризонтално учење | -наставниците учат едни од други;<br>- размена на идеи и искуства од наставната пракса;<br>-наставата е интересна и мотивирачка за учениците. | -Директор<br>-Стручна служба<br>-Наставници | -Второ полугодие на учебната 2025/26 година | -наставници | -Стручна служба и директор |

| | |
|---|---|
| **Приоритетно подрачје на промени** | **Подобрување на оценувањето на постигањата на учениците и следење на работата на наставниците** |

**Цели:**

-Реално оценување на постигањата на учениците

- Учениците добиваат јасни насоки и патокази за поддршка во учењето и постигнување на подобри резултати

**Очекувани исходи :**

- Разликата во постигањата на учениците на крајот од учебната година во споредба со тримесечните и полугодишните е занемарлива;
- Критериумите за оценување се врз основа на стандарди, а не врз основа на критериуми формирани врз основа на постигањата на учениците од дадена паралелка;
- Оценувањето го помага напредокот на учениците.

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на извештаите за успехот и поведението на учениците | -идентификувани се наставните предмети со највисок и најнизок среден успех; | - Директор - Стручна служба Наставници | Во текот на учебната 2025/26 година | Квартални, полугодишни и годишни извештаи на ниво на паралелка, | Тим формиран од Наставнички совет |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | -утврдена е причината за појавата на неочекувано висок или низок среден успех. | - | | одделение и училиште | |
| Анализа на тестови и инструменти за проверка на знаењата на учениците | -тестовите / инструментите реално го мератзнаењето на учениците;<br>-критеримите за оценување се стандардизирани. | - Директор<br>- Стручна служба<br>- Наставници | Во текот на учебната 2025/26 година | Наставни листови, тематски, контролни, годишни и полугодишни тестови, писмени работи | Тим формиран од Наставнички совет |
| Стручни посети | -отсуствува субјективниот фактор кај наставникот при оценувањето;<br>-ученикот јавно и веднаш добива повратна информација;<br>-наставникот дава јасни и конкретни мислења и забелешки постигањата на учениците. | - Директор<br>- Стручна служба<br>- Наставници | Во текот на учебната 2025/26 година | -Инструменти за следење на час<br>-Записници | Тим формиран од Наставнички совет |

### 7.1. План за евалуација на акциските планови

**Акциски планови**-Конкретни задачи и специфични активности за нивна реализација, време за реализација, одговорни лица за спроведување на активноста, начин на спроведување на активноста, кои се очекувани резултати од реализираната активност, следење на реализацијата, индикатор за реализираната активност и потребен буџет.

**Евалуација на акциски планови**

План за евалуација на акциски планови

| Р.Б | Задача | Критериум за успех | Инструменти | Индикатор за успех | Одговорен за следење | Повратна информација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Инфраструктурно уредување на училиштето | Успешно завршена активност | Извештај за реализација | Подобрување на здравствено хигиенски услови за престој на учениците и успешно реализирање на настава по ФЗО | Директор, надзор | |
| 2 | Хортикултурно уредување и подобрување на училишниот инвентар | Успешно завршена активност | Извештај за реализација | Подобрување на естетски изглед на училиштето и подобрување на квалитетот на наставата | Директор и сите вработени, ученици и родители | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Активно вклучување на родителите во воспитно – образовни работилници во училиштето со присуство 70-80% | Успешно завршена активност | Извештај за присуство на родителски средби и дневници на паралелки | Зголемување на присутноста на родителите за време активностите и родителските средби, како и остварување на индивидуални средби со стручната служба и наставниците | Одделенски раководители, стручна служба | |
| 4. | Континуирано следење на ефикасноста на работата на наставниците | Успешно завршена активност | Извештај за реализација | Подобрување на квалитетот на наставата, подобрување на комуникацијата помеѓу наставниот кадари стручните соработници стекнување на трајни знаења | Директор и стручни соработници | |

**- Одговорни за следење**
● Тим за Развојна програма на училиштето, ученички парламент, стручни соработници, наставници, ученици

**- Критериум за успех**

Редовно учество во воннаставни активности, постигнати резултати, реализирани предавања, трибини и/или работилници за родителите, доследност во спроведувањето на активностите.

**- Инструменти**

Програма за работа на ученички парламент, записници;
**- Индикатори за успешност**
**Акционен план за воннаставни активности од ученичкиот парламент и од стручните активи**
● образец за воннаставни активности
● годишен извештај за реализирани воннаставни активности
● Записник од Совет на родители
● акциски план за реализација на предавања, трибини и работилници за родителите
● извештај од реализација на предавања, трибини и работилници за родителите

**- Повратна информација**
Се дава информација за постигнувањата на учениците од учеството во воннаставни активности на Одделенски и Наставнички совет и на состаноците на Совет на родителите и родителските средби. Резулатите се објавуваат редовно на веб страната и ФБ страната на училиштето, со доделување на пофалници и дипломи, јавно соопштување на свеченоста по повод Денот на училиштето. Активностите од типот на на предавања, трибини и работилници за родителите се бележат со фотографии и материјали од истите и се објавуваат на веб страната на училиштето.

# 8. Програми и организација на работата во основното училиште

## 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

**ООУ „Страшо Пинџур“ с. Соколарци**
**Календар за работа 2025/26 година**

8 септември (понеделник) - Ден на независноста на РМ

23 октомври (четврток) - Ден на Македонската Револуционерна Борба

8 декември (понеделник) - „Св. Климент Охридски“

| 2025/26 | I полугодие | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ден/месец | септември | | | | | октомври | | | | | ноември | | | | | декември | | | | |
| понеделник | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 |
| вторник | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| среда | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | |
| четврток | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| петок | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | |
| вкупно | 21 | | | | | 22 | | | | | 20 | | | | | 21 | | | | |

20 март (петок) – Рамазан Бајрам

10 април (петок) – Петок пред Велигден

13 април (понеделник) – Втор ден Велигден

1 мај (петок) – Ден на трудот

5 мај (вторник) – Патронен празник на училиштето

25 мај (понеделник) - „Св. Кирил и Методиј“

29 мај (петок) – Петок пред Духовден

| 2025/26 | II полугодие | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ден/месец | јануари | | февруари | | | | | март | | | | | април | | | | | мај | | | | | јуни | |
| понеделник | | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | 1 | 8 |
| вторник | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 |
| среда | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 |
| четврток | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | |
| петок | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | |
| вкупно | 9 | | 20 | | | | | 21 | | | | | 20 | | | | | 18 | | | | | 8 | |

*Изработка: ВЛАТКО ДАВИТКОВ*

Согласно со Календарот за работа во Основното образование во текот на учебната 2025/26 година ќе се реализираат 180 наставни денови во кои влегуваат: наставните екскурзии и излети, Денот на еколошката акција и Денот на училиштето. Учебната година започнува на 1 Септември 2025 година, завршува на 31 Август 2026 година. Наставната година започнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 10 јуни 2026 година. Првото полугодие започнува на 1 септември 2025 год. а завршува на 30 декември 2025 год. Второто полугодие започнува на 20 јануари 2026 год., а завршува на 10 јуни 2026 година. Според Календарот зимскиот одмор на учениците започнува на 30 декември 2025 година, а завршува на 19 јануари 2026 година. За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2026 год. до 10 јануари 2026 година користат платени неработни денови. Летниот одмор за учениците започнува на 11 јуни 2026 година, а завршува на 31 август 2026 година.

**Календар за работа на училиштето**

| | |
|---|---|
| 8 Септември (понеделник) | Ден на независноста |
| 11 Октомври (сабота) | Ден на народното востание |
| 23 Октомври (четврток) | Ден на македонската револуционерна борба |
| 8 Декември (понеделник) | „Св. Климент Охридски“ |
| 20 Март (петок) | Рамазан Бајрам |
| 10 Април (петок) | Велики петок – петок пред Велигден |
| 13 Април (понеделник) | Втор ден Велигден |
| 1 Мај (петок) | Ден на трудот |
| 5 Мај (вторник) | Патронен празник на училиштето |
| 24 Мај (недела) 25 понеделник неработен ден | Ден на словенските просветители „Св. Кирил и Методиј“ |
| 29 мај (петок) | Петок пред Духовден |

## - Еколошки календар

| | |
|---|---|
| 5 март | Светски ден за заштеда на енергија |
| 22 март | Светски ден за заштеда на водите |
| 7 април | Светски ден на здравјето |
| 22 април | Светски ден на планетата |
| 15 мај | Светски ден за заштита на климата |
| 31 мај | Светски ден против пушењето |
| 5 јуни | Светски ден за заштита на животната средина |
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 08 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата |
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната |
| Ден на акција на еко-училиштата- се реализира два пати во текот на една учебна година<br>Генералка викенд- ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Северна Македонија | |

**Одбележување значајни датуми**

**8 септември** - Ден на независноста - Пано со литературни и ликовни изработки
**21 септември** - Ден на Општината Чешиново – Облешево - Учество во конкурси и приредби
**4 октомври** - Ден на учителот - Пано со литературни и ликовни изработки, ѕиден весник
**5 октомври** - Детска недела Свечен прием на првачиња во Детска организација
**11 октомври -** Ден на народното востание - Пано со литературни и ликовни изработки
**16 октомври** - Ден на гладта - Собирна акција со хуманитарен карактер
**23 октомври** -Ден на македонската револуционерна борба - Пано со литературни и ликовни изработки

**26 декември** – Новогодишен базар - Организирање базар, уредување хол и кабинети, хуманитарни акции
**22 февруари** - Ден на мајчиниот јазик - Уредување пано и ѕиден весник
**23 април** - Ден на книгата - Уредување пано, активности во централното и подрачните училишта
**5 мај** -Организирање различни активности за свечено одбележување на Ден на училиштето - Организирање приредба, прослава, уредување хол, организирање квизови, спортски натпревари, литературен и ликовен конкурс
**24 мај** - Ден на сесловенските просветители -Уредување ѕиден весник и пано
**1 јуни** -Меѓународен ден на децата - Организирање на активности

## 8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

| Реден бр. | Име | Презиме | завршено образование | Распоред на часови | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Одделение И одделенски час | Училиште во кое реализира настава | Друго училиште во кое реализира настава | Наставен предмет и вкупно часови |
| 1 | Мирјана | Трајчевска | високо | 1 и 3 одд. | Соколарци | | 20 |
| 2 | Магдалена | Гигова | високо | 2 одд. | Соколарци | | 20 |
| 3 | Виолета | Иванова | високо | 4 и 5 одд. | Соколарци | | 20 |
| 4 | Силвана | Арсова | високо | 1 и 2 одд. | Чешиново | | 20 |
| 5 | Силвана | Митевска | високо | 3 одд | Чешиново | | 20 |
| 6 | Драгана | Зојкова Павлов | високо | 4 и 5 одд | Чешиново | | 20 |
| 7 | Даниела | Монева | високо | 1 одд. | Спанчево | | 20 |
| 8 | Анка | Тодосиева | високо | 2 одд. | Спанчево | | 20 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Александра | Богданова | високо | 3 одд. | Спанчево | | 20 |
| 10 | Христина | Данилова | високо | 4 одд. | Спанчево | | 20 |
| 11 | Елизабета | Спасова | високо | 5 одд. | Спанчево | | 20 |
| 12 | Соња | Величкова | високо | 2 и 3 одд. | Уларци | | 20 |
| 13 | Марија | Стојанова | високо | 4 и 5 одд. | Уларци | | 20 |
| 14 | Симона | Стојанова | високо | 6а,7а,8а,9а, 6б | Чешиново | | Македонски ј. =20 часа<br>Вкупно=20 часа |
| 15 | Елена | Ѓоргиева | високо | 7б,8б,9б | Соколарци | | Македонски ј.=12 часа |
| 16 | Ангела | Стоикова | високо | 6а,7а,8а,9а, | Соколарци | | Математика =17 часа<br>вкупно 17 часа |
| 17 | Биљана | Ѓорѓиева | високо | 6а,7а,8а,9а<br>Класен 7а | Чешиново | | Математика =17часа<br>Жените низ историјата-2 часа (6 и 7 одд.)<br>финансиска писменост/ образование-2 часа (6 и 7 одд)<br>Класен =1 час Вкупно 22 |
| 18 | Ирена | Митевска Стојанова | високо | 6,7,8,9 | Чешиново и Соколарци | | Ликовно образование-8 часа |
| 19 | Благој | Стоилов | високо | 6,7,8,9 | Чешиново и Соколарци | | Историја и општество, Историја<br>Граѓанско образование и<br>4+12+6=22 часа |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Зоран | Давитков | високо | 5,6,7,8,9 + класен 6б+ 2 часа изборни | Чешиново, Соколарц, Спанчево | | Географија, Историја и општество, Природни науки, Истражување на родниот крај=12+2+2+2+1 класен +4 библиотека=23часа |
| 21 | Митко | Димитров | високо | 6,7,8,9+ класен 7б | Чешиново и Соколарци | | Музичко обр,<br>Хор и оркестар, Проекти од музичка уметност, гласот на традицијата/прва помош, фотографија/прва помош, библиотека =8+6+2+2+2+2+1класен=23часа |
| 22 | Влатко | Давитков | високо | 5,6,7,8,9 + класен 9а | Чешиново и Соколарци | | Иновации,Техничко образование и информатика, Администратор, класен =2+16+3+1 = 22 часа |
| 23 | Сања | Пешовска | високо | 7,8,9+ класен 8б | Соколарци и Чешиново | Облешево | Француски, библиотека,класен 12+6+4+1=23часа |
| 24 | Соња | Донева Атанасова | високо | 6,7,8,9 + 9б-класен | Чешиново, Соколарци | | Хемија, биологија,класен 10+12+1=23 часа |
| 25 | Славе | Арсов | високо | 8а класен +5,6,7,8,9 | Чешиново, Соколарци | | Физика,Природни науки, класен = 10+12 +1 =23часа |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 26 | Сашко | Ефремов | високо | 6,7,8,9 | Чешиново (6-9) и Соколарци (7,8,9) | | Физ.и здрав. Образ. =21 час |
| 27 | Дарко | Стојанов | Високо | 1 до 9 одд, класен 9а, 1 одд | Чешиново, Спанчево | | Англиски јазик, класен 19+2+1=22 часа |
| 28 | Драган | Петров | Високо | 6 одд, 1 и 3 одд, 2 одд, 4 и 5 одд 2 до 5 одд | Соколарци, Спанчево | | Англиски јазик 10+10=20часа |
| 29 | Наум | Рашков | Високо | 2-5одд. 7, 8 и 9 одд | Уларци Соколарци | | Англиски јазик 5 + 9 =14 часа |
| 30 | Стојан | Анастасов | Високо | 1и3, 2, и 4и5 одд. и 1 одд и 2,3 одд. и 1,2,3 и 4,5 | Чешиново 9 часа, Уларци 6 часа, Соколарци 6 часа, | | Физичко и здрав. Образов. =21 |
| 31 | Дени | Митров | Високо | 1,2, 3, 4, 5 одд 2 одд и 6 одд | Спанчево 15 часа, Соколарци 6 часа | | Физичко и здрав. Образов. =21 час |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 32 | Сања | Дивчова | Високо | 6 одд. | Соколарци 2 часа<br>Чешиново 2 часа | | Германски јазик 2+2= 4 |

### 8.3. Работа во смени

Наставата ќе се одвива во една смена во сите училишта. Првиот час во прва смена ќе започнува во 07:45часот , а последниот ќе заврши во 13:10 часот. Големиот одмор за учениците започнува во 09:10 часот, а завршува во 09:30 часот.

### 8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 21 | | | | |
| **Број на ученици** | 188 | | | | |
| **Број на наставници** | 31 | | | | |

**Забелешка:** Од странските јазици ќе се изучува Англиски јазик од прво до деветто одд. како прв странски јазик и Француски јазик од седмо до деветто одд. како втор странски јазик, а од оваа учебна година и Германски јазик како втор странски јазик во 6 одделение.

### 8.5. Проширена програма

Во ООУ„Страшо Пинџур “ се врши организација на прифаќање и заштита на учениците од прво, второ и трето одделение еден час пред започнувањето на наставата и еден час по завршување на наставата. Во нашето училиште се организира продолжен престој за ученици од различни одделенија и паралелки поради малиот број на учници во паралелката. Во училиштето се организирани четири паралелки за продолжен престој. Во централното и подрачните училишта по една паралелка. Наставници кои учествуваат во реализација на проширената програма за продолжен престој за ученици од различни одделенија и паралелки се наставниците кои предаваат од прво до трето одделение и тоа:

Во ЦУ Соколарци наставници се : Мирјана Трајчевска, нов наставник

Во ПУ Чешиново наставници се: Силвана Арсова, нов наставник

Во ПУ Спанчево наставници се: Анка Тодосиева, Даниела Монева и Александра Богданова

Во ПУ Уларци наставници е: Соња Величкова

Наставниците се ротираат по претходно направен распоред за реализација на проширената програма за продолжен престој. На почетокот на учебната година се спроведува анкета со родителите кои се изјаснуваат дали ја прифаќаат проширената програма за продолжен престој и според тоа се формираат паралелките и знаеме колку ученици ќе бидат опфатени. Бројот на учениците дополнително ќе биде наведен.

## 8.6. Комбинирани паралелки

Во ООУ„ Страшо Пинџур“ има 6 комбинирани паралелки од кои во ЦОУ во с.Соколарци има 2 комбинирани паралелки, во ПУ с. Уларци има 2 комбинирани паралелки и во ПУ с.Чешиново има 2 комбинирани паралелки.

| Ред.бр | Училиште | Комбинација | Име и презиме на наставник | Број на ученици |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ЦОУ с. Соколарци | 1 и 3 одд<br>4 и 5 одд | Мирјана Трајчевска<br>Виолета Иванова | 11<br>12 |
| 2 | ПУ с.Чешиново | 1 и 2 одд<br>4 и 5 одд | Силвана Арсова<br>Нов наставник | 7<br>12 |
| 3 | ПУ с. Уларци | 2 и 3 одд<br>4 и 5 одд | Соња Величкова<br>Нов наставник | 4<br>8 |

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Од странските јазици ќе се изучува Англиски јазик од прво до деветто  одд. како прв странски јазик, Француски јазик од седмо до деветто одд. како втор странски јазик и од оваа учебна година Германски јазик во шесто одделение како втор странаски јазик. Англиски јазик изучуваат сите ученици од 1 до 9 одд во 21 паралелка со 188 ученика. Француски јазик изучуваат учениците од 7 до 9 одделение 6 паралелки со 56 ученика и Германски јазик ќе изучуваат учениците од 6 одделение 2 паралелки вкупно 20 ученика.

## 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Со учениците од 1, 2, 3 , 4 и 5 одделение ќе се реализира тандем настава по физичко и здравствено образование.

## 8.9. Изборна настава

Пред крајот на учебна 2024/2025 година учениците и родителите се определија за изучување на еден од понудените изборни предмети, дадени на предлог од наставниците, стручната служба и директорот на училиштето, преку индивидуално пополнување на анкетни  ливчиња. Изучувањето на предмет кој го интересира ученикот ќе овозможи надградувања, продлабочување и систематизирање на знаењата на учениците, од одредени подрачја. Врз основа на резултатите од извршеното анкетирање на крајот од месец мај и почетокот на месец јуни 2025 година изборни предмети кои ќе се изучуваат во ООУ„Страшо Пинџур“ с. Соколарци во учебна 2025-2026 година се:

4 одделение во ООУ„Страшо Пинџур“ с. Соколарци, ПУ с. Чешиново, ПУ с. Спанчево и ПУ с. Уларци ќе ги изучуваат изборните предмети:

- **Цртање,сликање и вајарство за во прво полугодие**
- **Образование за животни вештини за во второ полугодие**

5 одделение во  ООУ с.Соколарци, ПУ с.Чешиново, ПУ с.Спанчево и во ПУ с.Уларци ќе ги изучуваат изборните предмети:

- **Моделарство,креативно идеи-направи сам за во прво полугодие**
- **Учам за моето здравје за во второ полугодие**

Изборни предмети кои ќе се изучуваат во ООУ„Страшо Пинџур“ с. Соколарци, ПУ с. Чешиново со учениците од 6 одделение

- **Жените низ историјата за во прво полугодие**
- **Финансиска писменост за во второ полугодие**

Изборни предмети кои ќе се изучуваат во ООУ„Страшо Пинџур“ с. Соколарци, ПУ с. Чешиново со учениците од 7 одделение

- **Жените низ историјата за во прво полугодие**
- **Финансиско образование за во второ полугодие**

Изборни предмети кои ќе се изучуваат во 8 одделение ООУ с.Соколарци

- **Гласот на традицијата за во прво полугодие**
- **Прва помош за во второ полугодие**

Изборни предмети кои ќе се изучуваат во 8 одделение ПУ с.Чешиново

- **Фотографија за во прво полугодие**
- **Прва помош за во второ полугодие**

Изборни предмети за учениците од 9 одделение

Во 9 одделение учениците во с. Соколарци ќе го изучуваат

изборниот предмет **Проекти од музичка уметност**

Во 9 одделение учениците во с. Чешиново ќе го изучуваат

изборниот предмет **Истражување на родниот крај**

Наставата по Изборните предмети ќе се изведува во текот на наставниот ден. Наставниот кадар врши подготовка за организација на овој вид настава при што се користат наставните програми за изборните предмети изработени од БРО.

## 8.10. Дополнителна настава

Во согласност со законот за основно образование, училиштето организира и спроведува дополнителна и додатна настава. Дополнителна и додатна настава се спроведува според распоред кој ќе биде изготвен до дваесетти септември и е составен дел на годишната програма за работа на училиштето.

Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потреба за целосно усвојување на наставниот материјал. Оваа настава ќе се организира во текот на целата година и во месец јуни за ученици со една или две слаби оценки.

## 8.11. Додатна настава

Додатна настава се организира и реализира со ученици кои пројавуваат поголем интерес во некоја област или наставен предмет. При тоа ќе се применуваат активни методи и форми согласно планираната програма за овој вид настава.

Реализацијата на дополнителна и додатна настава се евидентира во одделенскиот дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник поединечно.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Надарените и талентирани ученици се препознаваат според високо развиената способност за одредено подрачје кое овозможува постигнување на натпросечни резултати од тоа подрачје, поседување на исклучително ниво на знаења и вештини, креативноста, мотивацијата и сл. Оваа надареност, пред се ја воочуваат наставниците кои работат со овие ученици, потоа педагозите и психолозите, родителите, па дури и соучениците од паралелката.

Училиштето има изготвено програма за работа со надарени и талентирани ученици која ќе биде прикачена како прилог на годишната програма и ќе се реализира доколку се направи идентификација на надарени и талентирани ученици со посебна процедура.

Работата со надарените и талентираните ученици во нашето училиште ќе се реализира преку индивидуализација на наставата според потребите на овие ученици, групна настава за ученици со ист или сличен интерес, проектни активности, учество на ученички натпревари и конкурси, креативни и истражувачки работилници.

Примарна цел на училиштето во овој сегмент ќе биде идентификување на надарени и талентирани ученици, по што ќе се реализираат следниве задачи со овие ученици:

-давање дополнителни програмски содржини;
- вклучување во истражувачки и работни тимови;
- вклучување во натпревари;
- вклучување во изработка на проекти;
- вклучување во воннаставни активности;
- развивање самостојност во учењето и напредокот;
- користење различни извори на информации;
- подобрување на просторот и материјалите за работа;
- овозможување на учениците да ги проценат своите вредности и да создадат сопствени идеи и уверувања;
- оспособување на учениците сами да дефинираат проблеми и да осмислат постапки за пронаоѓање на решенија;
- оспособување на учениците за правилно приоѓање на одредени проблеми;

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Членови на инклузивниот тим: Ленче Јакимова-директор, Анка Стоимилова специјален едукатор и рехабилитатор, Викторија Костадинова-педагог, Кети Филипова-психолог, МирјанаТрајчевска - одделенски наставник, Сања Пешовска - предметен наставник, Катерина Јакимова-родител, Виолета Иванова -родител.

Пред почетокот на учебната година, тимот изгработува годишна програма за работа. Се врши идентификација на спрецифичните пречки во развојот на учениците и врз основа на тоа се изработува база на податоци со број на деца со ПОП. Таа се ажурира континуирано во текот на годината. За секој ученик со ПОП се изготвува педагошки профил. За секој ученик со ПОП, училиштето формира и Инклузивен тим на ученик (ИТУ), кој се состои од: претставник од УИТ, родителот на ученикот, одделенски/класен раководител и ИТУ- сите наставниците кои предаваат на инклузираниот ученик.

Училиштето соработува со специјален едукатор и рехабилитатор од ООУ„ Малина Поп Иванова“ – Кочани кој врши

индивидуален-корективно стимулативен третман на учениците со дисфункции на когнитивното, сензомоторното и социоемоционално функционирање.

Стручните сорботници даваат советодавно-инструктивна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии и социјална неприлагоденост. Исто така даваат и поддршка на учениците кои потекнуваат од социјално загрозените семејства.

Училиштето има пропишано процедура за ученици со пречки во развојот, процедура за изработување ИОП, за грижа на учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања или потешки повреди, процедура за грижа за учениците со телесни пречки и процедура за учениците со емоционални потешкотии.

Кај секој ученик кај кого ќе биде детектирана потреба за изработка на ИОП, наставниците, дефектологот и родителот на засегнатиот ученик ќе изработуват ИОП-и за индивидуалните потреби и способности на учениците со ПОП. Во него се опфатени целите, активностите, времето на реализација на активностите, нивото на постигнување според способностите на ученикот. Доколку имаме инклузирано ученици со најразлични посебни образовни потреби, некои со потешки попречености, а некои со полесни, па во зависност на видот на ПОП ќе се изработуваат и Индивидуалните образовни планови (долгорочни, среднорочни и краткорочни). Дефектологот преку својата годишна програма за работа има однапред испланирано кој период и на кои ученици ќе им дава помош и поддршка и ќе ги следи при работата.

### 8.14. Туторска подршка на учениците

Во согласност со програма за обезбедување на туторска подршка на ученици ќе се реализира доколку се појави потреба за истата.

.

### 8.15.План на образовниот медијатор

Оваа учебна година доколку биде потребно ќе се побара согласност од страната на МОН за соработката со образовен медијатор. Доколку се појави потреба и ќе се изготви програма за работа на образовниот медијатор

## 9. Воннаставни активности

Наставните и воннаставните активности претставуваат нераскинлива целина во воспитно-образовниот процес што ги создаваат потребните предуслови ученикот да се развие во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност. Во рамките на воспитно –

образовната дејност во нашето училиште се организираат и остваруваат разновидни вонnаставни активности согласно со развојните потреби и интереси на учениците и со нивното активно учество, со цел училиштето да стане место за социјализација на учениците и привлечна средина за учење.

Училиштето планира и реализира слободни ученички активности со учениците од прво до деветто одделение за да одговориме на нивните различни потреби. Низ работата на слободните активности ќе се реализираат погодни содржини од воспитен карактер и презентација на резултатите.

## 9.1Секции, клубови и слободни ученички активности

**Училиштни спортски клубови**

Училиштниот спортски клуб е основан на 07.03.2014 год. со деловоден бр.30920140001732 од 27.03.2014 год. Одговорен е наставникот по физичко и здравствено образование Сашко Ефремов.

Овој клуб во нашето училиште, повторно започна со активности од септември 2022, и продолжува со активности и следната учебна година за што се работи по изготвена програма

Спортови: Фудбал, ракомет, одбојка,

Цели:

- Поттикнување, омасовување и развој на спортот и спортско рекреативните активности во училиштето

- Развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи

**Секции / клубови**

- Литературно-рецитаторска секција проф
- Драмско литературна секција проф.
- Англиска секција проф. Дарко Стојанов
- Изработка на училишен весник проф.Славе Арсов

- Спортска секција — проф. Сашко Ефремов
- Велосипедско друштво — проф. Зоран Давитков
- Клуб на кодирање — проф. Влатко Давитков
- Модерен балет — проф. Митко Димитров
- Млади математичари — проф.Биљана Ѓорѓиева
- Француска секција — проф. Сања Пешовска
- Еднократни работилници — Наставници, психолог, педагог, надворешни соработници

Во одделенска настава слободните ученички активности се реализираат во рамките на одделението од страна на одделенскиот наставник според афинитетите и желбите на учениците. Се планираат следните слободни активности: Математичка секција, Драмско-рецитаторска секција, Љубители на природата, Музичка секција, Ликовна секција, Спортска секција, Реализатори на секциите се одделенските наставници во паралелките.

## 9.2Акции

### Општествено корисна и хуманитарна работа

Училиштето планира реализација на манифестации, хуманитарни собирни акции (собраните средства се уплаќаат на жиро сметка), прослави и одбележувања на значајни датуми, Ден на екологија, одбележување на Ден на Општината Чешиново-Облешево и Ден на училиштето и други активности. Сите активности кои ги планира училиштето се поддржани од ученичка заедница, Училишен одбор и Совет на родители и за секоја активност училиштето изготвува посебна програма. За реализација на еколошката програма ќе се формираат групи од учениците од IV до IX одделение кои ќе учествуваат во рамките на еко - патролите.

За успешна реализација на наставата во наставниот процес активно се вклучени сите вработени од училиштето, учениците и нивните родители. Во наставниот процес учениците се стекнуваат со знаења, вештини, умеења, формираат систем на ставови и

вредности и ги развиваат своите индивидуални способности.

**Акциски план за општествено корисна и хуманитарна работа**

Целта на вклучување на учениците од основното училиште во општествено корисната работа е кај нив да се развива љубов и позитивен однос кон работата, да се негува почит кон работниот човек, средствата за производство, да ги почитува резултатите од трудот и да придонесе за правилно разбирање на улогата на физичкиот и интелектуалниот труд во животот на човекот.

Задачите на општествено корисната работа се:

- кај учениците да се развие позитивен став кон трудот;
- да придонесе за постапен развој на истрајноста во работата, уредно и навремено завршување на задачите;
- да развие љубов кон природата и природните убавина;
- да се создадат навики кај учениците за одржување на хигиената во училиштето и во непосредната околина.

**Акции**

| | Вид на активност | Време на реализација | Вклучени одделенија | Одговорни лица |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Одржување и естетско уредување на училницата | Во текот на целата година | I - IX | Одделенски и класни раководители, ученици |
| 2. | Одржување и естетско уредување на училишниот двор | Во текот на целата година | I - IX | Одделенски и класни раководители, ученици, ЕКО одбор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Посета на споменици на значајни личности | Значајни датуми , одбележување на културно – историски настани и државни празници | I - IX | Одделенски и класни раководители, ученици |
| 4. | Организирање на собирни акции ( храна, облека, парични средства ) за социјално загрозени семејства | По потреба во текот на целата година | I - IX | Одделенски и класни раководители, ученици |
| 5. | Собирање на ученички прибор за материјално загрозени деца | По потреба во текот на целата година | I - IX | Одделенски и класни раководители, ученици |
| 6. | Новогодишен базар од хуманитарен карактер | декември | I - IX | Одделенски и класни раководители, ученици, стручна служба |
| 7. | Велигденски базар од хуманитарен карактер | април-мај | I-IX | Одделенски и класни раководители, ученици, стручна служба |
| 8. | Отворен ден за граѓанско образование | Ноември | Ученици од 8мо и 9то одделение | наставник по Граѓанско образование, |

## 10. Ученичко организирање и учество

Во училиштето се организираат средби со ученички парламент, со ученичкиот правобранител и со заедницата на паралелка. Изготвено е план и програма за ученичкиот парламент која што ќе биде прикачена во прилозите за Годишната програма.

Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици од таа паралелка. Има свое раководство чиј претседател влегува во составот на ученичкиот парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките, а неговото прво свикување го врши директорот на училиштето. Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање. Ученичкиот парламент кој работи по утврден план за работа, учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, го промовира ученичкиот активизам, учествува во активности за врсничка подршка на учениците со посебни ученички образовни потреби, учествува во подготовката на годишната програма, дава предлог активности за годишните програми за екскурзии, дава предлози за воннаставни активности во училиштето, предлози за подобрување на ученичкиот стандард, учествува во евалуацијата на работата на училиштето, преку свои претставници учествува во работата на советот на родители и наставничкиот совет, организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа. Ученички правобранител е ученичка функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето. Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање.

# 11.ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

11.1 Екскурзии, излети, посети и настава во природа

- ***Излети, екскурзии и посети***

Излетите и екскурзиите се организираат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно- образовни подрачја и наставни предмети или за спортување рекреација и дружење. Во нашето училиште се планирани два излета есенски и пролетен. Во есенскиот и пролетниот излет се опфакаат сите учениците од 1 до 9 одделение и се оди до некое блиско излетничко место или некој локалитет.

**Предвидени се екскурзии:**

-Еднодневна екскурзија со учениците од 3 одделение со реалација Соколарци-Дојран-Соколарци,

-Дводневна екскурзија со учениците од 6 одделение со релација Соколарци- Скопје –Соколарци,

-Тридневна наставно-научна екскурзија со учениците од 9 одделение со релација Соколарци-Охрид-Соколарци,

-Еднодневна научна екскурзија со учениците од 8 одделение со релација Соколарци-Скопје-Соколарци

-Настава во природа со учениците од 5 одделение

-Еднодневен излет со учениците од 1 – 9 одделение –зимски ден, есенски и пролетен излет

Целосните програми за реализирање на горенаведените излети и екскурзии ќе бидат дадени во прилозите кон оваа Годишна програма, по давање позитивно стручно мислење од страна на БРО и Советот на општина.

## Предвидени посети

-Посета на градоначалник

-Посета на собрание

-Посета на метеоролошка станица-Виница

-Посета на „Златно славејче”

-Посета на театар

-Посета на производствен погон-Макпрогрес, еднодневна посета во Винчини Чоколенд

-Посета на археолошки локалитет „Црквиште“-с.Мородвис

## Посети и активности за реализација во учебната 2025/2026 поврзани со наставни содржини

| Наставник | Место за посета (Град/Село и установа) | Наставна содржина | Период (време на реализација) | Одделение |
|---|---|---|---|---|
| Дарко Стојанов | Штип / Кино проекција на филм | Обработка на вокабулар за филм | Март/Април | Осмо и деветто |
| Наставници од одделенска настава | Виница/ Метеоролошка станица | Мерни единици | Октомври/Ноември | Четврто и петто |
| Наставници од одделенска настава | Општина Чешиново - Облешево | Општина | Март / Април | Четврто и петто |
| Наставници од одделенска настава | Погон - фабрика за производство | Стопански дејности | Април/Мај | Четврто |
| Наставници од одделенска настава | Кочани театар– театарска претстава | Театар | Мај | Прво до петто |
| Наставници од одделенска настава | Посета на археолошки локалитет | Археолошки наоѓалишта | Мај | Прво до петто |
| Одделенски и предметни наставници | Скопје планетариум | Вселена и небесни тела Вселена и сончев систем | Мај | Трето и шесто |
| Наставници од одделенска настава | Посета на Аптека | | Во текот на учебната 2025-2026 | Прво |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Сања Пешовска** | **Скопје – Француски културен центар** | **Употреба на јазици** | **Март-Април** | **Осмо и девето** |
| **Предметни наставници по македонски јазик** | **Скопје - Саем на книга** | | **Ноември** | **Шесто,седмо,осмо и деветто** |
| **Соња Донева** | **Брана Градче** | **Кружење на материја** | **Мај** | **Седмо** |
| **Митко Димитров** | **Дом на култура „Бели мугри “** | **Новогодишен концерт од Ристо Јуруков** | **Декември** | **Шесто,седмо,осмо и деветто** |

11.2 **Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности**

Податоците во ова подрачје ќе бидат внесени на почетокот на учебната година, откако одделенските раководители ќе ги соберат податоците во паралелките.

## 12. Натпревари за учениците

Училиштето ќе организира училишни натпревари преку кои учениците ќе можат да ги продлабочат, прошират и збогатуваат своите знаења од различни програмски содржини. Учениците земаат учество на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари, организирани од акредитирани здруженија. Училиштето обезбедува средства за учество на натпреварите и тимска поддршка на натпреварувачите и нивните ментори.

**Македонски јазик:**

-Училишни натпревари (литературни конкурси), државни литературни натпревари и државен натпревар по **македонски јазик.**

**Физичко образование:**

-учество на натпревари во фудбал и ракомет

-организирање натпревар помеѓу ученици , наставници

**Англиски јазик:**

-учество на општински, регионален и државен натпревар по англиски јазик

-учество на општински, регионален и државен натпревар по спелување -Spelling Bee

**Математика:**

-учество на општински, регионален и државен натпревар по математика

**Биологија, хемија и природни науки:**

- учество на општински, регионален и државен натпревар

**Географија**

- учество на општински, регионален и државен натпревар

**Училишен натпревар организиран од велосипедското друштво по повод Денот на планетата Земја**

**Ликовно образование:**

- училишни, општински натпревари во рамките на различни манифестации за одбележување на значајни датуми

# 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Секое современо и демократско општество се стреми кон развивање насоживот меѓу различните етнички заедници, како и унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција. Училиштето, како институција кое покрај образованието, како примарна задача го има и воспитанието, има за цел промовирање на меѓуетничката интеграција и развивање на вредности за живеење во мултикултурна и меѓуетничка средина. Имено, училиштето ги подготвува учениците да живеат во мултикултурно општество и во духот на почитување на други, толеранција, прифаќање на разликите, право на еднаквост на сите и др.

Како партнер училиште ООУ„ Страшо Пнџур“ с.Соколарци за МИМО проектот има склучено мерандум за соработка со ООУ„Даме Груев“ –Градско и планирани се повеќе активности за текот на учебната година.

ТАБЕЛА ЗА ГОДИШНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ПРИОРИТЕТ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОД. – МИМО Активности

| *Меѓуетничката интеграција е составен дел од годишната програма за работа на училиштата* | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Опис на активности* | *Ресурси* | *Индикатори* | *Одговорни институции* | *Термин (од/до)* |
| 1. Инкорпорирање на активности од МИМО во Годишните планирања на Стручните активи, во Програмата на Училишната ученичка организација (ученички | Планирање на нагледни средства со кои располага училиштето | -Размена на искуства од примена на разни наставни методи, форми и ресурси<br>- Работни средби за планирање со тимовите од реализатори од партнер – училиштето | Членовите на тимот на МИМО и наставници од партнер училиштето<br>Наставници од партнер-училиштата | Учебна 2025-2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| парламент | | | | |
| 2.Реализација на активности за одбележување значајни датуми, трибини, екскурзии, хуманитарни акции, подготовки за натпревари, учество на манифестации од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно или на меѓународно ниво<br><br>2.1 Прослава на патронен празник на училиштата<br><br>2.2 Прославување на „Ден на жената,,<br><br>2.3 Заеднички активности по повод Рамазан Бајрам и Велигден | Помагала со кои располага училиштето<br><br>Помагала со кои располага училиштето | -Во зависност од изготвените акциони планови, ќе се спроведат разни активности со учениците, во кои учениците ќе бидат вклучени со свои предлози и иницијативи<br><br>-Мотивирани наставници и ученици | -Наставници и ученици од партнер училиштата<br><br>-Училиштето Организатор на настанот<br><br>-Наставници и ученици од партнер училиштата | Учебна<br><br>2025-2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. Воспоставуваање соработка соучилиште во кое се работи на еден наставен јазик и планирање активност во рамки на воннаставните активности<br><br>3.1 Посета на локалитет Стоби и изработка на мозаик од страна учениците | | | Наставници и ученици од партнер- училиштата | Учебна 2025-2026<br><br>Октомври |

За ова подрачје заеднички активности се наведуваат според следните категории:

1.Краткотрајни
2.Подолготрајни
3.Заедничка настава во предмети од редовна настава
4.Еднодневни акции/проекти
5.Мултикултурни работилници
6.ОЖВ-работилници

Дополнително може да се реализираат и други активности за кои ќе бидат задолжени наставниците од двете партнер училишта.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Во училиштето оваа учебна година ќе се реализираат следниве проекти

-Меѓуетничка интеграција на младите во образованието – МИМО проект -Организиран од БРО, МОН и УСАИД

-Училиште без насилство - МОН УНИЦЕФ

-Проект Унапредување на менталното здравје – организиран од БРО и МОН

- ОХО проектот – интеграција на еколошка интеграција во македонското образование- МОН и Здружение на граѓани ОХО

-Проектот Вело училиште- еко логик

-Проект по Граѓанско образование

# 15. Поддршка на учениците

## 15.1. Постигнување на учениците

Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од еден период во друг. При извршената споредба во успехот нема големи отстапувања. Кај некои предмети успехот е намален, кај некој е зголемен, а кај некој предмети е скоро идентичен.

На ниво на училиште во учебната 2025-2026 година ќе се школуваат 188 ученика и тоа: 112 ученика во одделенска настава и 76 во предметна настава. Од нив 106 се машки, а 82 се женски.

На ниво на училиште се школуваат 187 ученика и тоа: 116 ученика во одделенска настава и 71 во предметна настава. Од нив 107 се машки, а 80 се женски. На ниво на училиште на крајот од учебната 2024-2025 година има вкупно 5830 изостанока или 31 по ученик, од кои женски се 1981, а машки 3849. Од нив 5760 се оправдани изостаноци или 30 изостаноци по ученик. Неоправдани изостаноци има вкупно 70 или 0,3 изостаноци по ученик. Споредено со изостаноците од крајот на минатата година оправданите изостаноци се зголемени за 353 изостанока (минатата година имаше 5407 оправдани), а неоправданите изостаноци се намалени за 211 изостанока (минатата година имаше 281 неоправдани).

Учениците од 1 до 3 одделение, вкупно 73 ученика се оценети описно. Учениците од 4 до 9 одделение, вкупно 113 ученика се оценети бројчано. Средниот успех за нив е 4.01 кој е зголемен за 0,15 од минатата учебна година кога бил 3,86. Најдобри резултати постигнаа учениците од 7 б одделение во ООУ с.Соколарци со среден успех 4,80.

Ученичката Ивана Донева редовен ученик во 6 одделение во ООУ„Страшо Пинџур“ с. Соколарци по претходни домашни посети, советувања, телефонски разговори со родителот, разговори и пријава до ДПИ-Скопје поради неоправдано отсуство не можеше да биде оценета поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови и поради тоа беше донесена одлука на наставнички совет да полага одделенски испит по сите предмети кои што ги изучува во 6 одделение. Ученичката присуствуваше на одделенските испити по сите предмети и истите ги положи со среден успех 2,00 (доволен) со што во учебната 2025/26 година ученичката ќе го продолжи своето образование редовно во седмо одделение. Вкупно изостаноци во текот на учебната 2024-2025 година за ученичката Ивана Донева изнесува 790 со што со одлука од наставнички совет на ученичката и е намалено поведението на незадоволително.

На ниво на училиште во текот на учебната 2023/2024 година се школуваа вкупно 196 ученика и тоа: 117 ученика во одделенска настава и 79 во предметна настава. Од нив 117 се машки, а 79 женски. На ниво на училиште во текот на учебната 2023/2024 година има вкупно 5688 изостанока од кои 5407 се оправдани изостаноци или 27,44 изостаноци по ученик. Неоправдани изостаноци има вкупно 281 или 1,42 изостаноци по ученик. Учениците од 1 до 3 одделение, вкупно 79 ученика се оценети описно. Учениците од 4 до 9 одделение, вкупно 118 ученика се оценети бројчано. Средниот успех за нив е 3,86 кој е намален за 0,09 од минатата учебна година кога бил 3,95 . Најдобри резултати постигнаа учениците од 6 б одделение во ООУ с.Соколарци со среден успех 4.91.

Ученичката Ивана Донева редовен ученик во 6 одделение во ООУ„Страшо Пинџур“ с. Соколарци по претходни домашни посети, советувања, телефонски разговори со родителот, розговори и исвестувања со Центарот за Социјална работа – Кочани и пријава до ДПИ-Скопје поради неоправдано отсуство не можеше да биде оценета поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови и поради тоа беше донесена одлука на наставнички совет да полага одделенски испит по сите предмети кои што ги изучува во 6 одделение. Ученичката не ја изврши својата должност и не присуствуваше на ниту еден одделенски испит и покрај тоа што беше писмено и усно известена, со што ја повторуваше годината односно во учебната 2024/25 ученичката ќе го продолжи своето образование во истото одделение.

Ученикот Христијан Станисавов редовен ученик во 1 одделение во ООУ„Страшо Пинџур“ с. Соколарци по барање на родителот го одложи своето школување и во учебната 2024/25 година повторно ќе биде редовен ученик во 1 одделение со одлука број 09-194/2 од 07.05.2024 г.

**Превентивни програми**

Превентивните програми кои планираме да се реализираат во нашето училиште имаат за цел проширување на знаењата на учениците за одредени актуелни теми како и развивање на животни вештини со што би се отфрлиле неприфатливите облици на однесување. Воедно ќе допринесат за развивање на способностите и вештините на учениците за донесување на исправни одлуки и решавање на проблеми.

Превентивните програми ќе опфатат теми од областа на здравјето и здравиот начин на живеење, правилна исхрана, заштита од заразни болести, правилна организација на слободно време и сл. Значајно внимание ќе се посвети на присутноста на насилството, видови на насилство и начини на негово спречување, како и промовирање на ненасилна комуникација и развивање на другарство.

**Позитивна социо-емоционална клима**

Промените што се случуваат во општеството и воопшто во светот, и брзиот развој на технолошките процеси особено се одразуваат врз човекот и семејството како основна клетка во општеството. Таквите промени се особено стресни и се одразуваат на сите и на најмалите членови - децата. Децата своите и проблемите на семејството ги носат во училиштето. Првите интеракции и комуникација се одвива помеѓу наставниците и учениците. Сите наставници не умеаат да се справат со одредено однесување на учениците поради што погрешно се толкува и создава вознемиреност и кај наставникот и кај ученикот. Лошо се одразуваат на личноста, на училишната клима и воспитно образовниот процес.

За учениците кои покажуваат негативни промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот) стручната служба ќе реализира индивидуални разговори и работилници. За реализација на овие работилници и други групни активности со учениците и нивните родители, ќе се изготвуваат планови и програми за работа, во зависност од видот на проблемите и потребите на учениците.

**Акционен план за поддршка на учениците**

| **Цели** | **Активности** | **Реализатор** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| Изготвување програми за работа со талентирани, надарени, ученици со потешкотии во учењето и ученици со емоционални потешкотии | Изготвување  на план за работа со тие ученици | Училишен тим | Август - Септември |
| Идентификација на талентирани, надарени и ученици со потешкотии во учењето | Примена на инструменти и постапки за идентификација | Наставници | Септември - Октомври |
| Континуирано да се поддржуваат учениците преку додатна и дополнителна настава | Реализација на додатна и дополнителна настава<br>Следење и евидентирање на присутни учениците на часови на додатна и дополнителна настава | Предметни наставници и ученици | Во текот на целата учебна година |
| Континуирана поддршка на талентираните и надарени ученици | Изготвување на програма за работа со талентирани и надарени ученици | Тим за поддршка на учениците | Во текот на целата учебна година |
| Континуирана поддршка на ученици со потешкотии во учењето и ученици со емоционални потешкотии | Изготвување на програма за ученици со потешкотии во учењето и емоционални потешкотии | Тим за поддршка на учениците | Во текот на целата учебна година |
| Следење и анализа на постигањата на учениците | Изготвување извештаи и анализи | Стручни соработници | По завршување на класификационите периоди |

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Во делот на професионалното ориентирање училишниот психолог и педагог се задолжени за професионалната ориентација на учениците преку повеќебројни активности.

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА 2025/2026 ГОДИНА

| Ред.бр | Активности од професионална ориентација | Целна група | Реализатори/ Соработници | Време |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Изработување на програма за професионална ориентација | Ученици од 9 одд. од ООУ„Страшо Пинџур“ с.Соколарци | Педагошко-психолошка служба | Септември |
| 2 | Запознавање на учениците од 9 одделение со програмата за работа на професионално ориентирање | Ученици од 9 одд. од ООУ„Страшо Пинџур“ с.Соколарци | Одделенски раководители | Октомври |
| 3 | Разговор за желбите и интересите на учениците за нивно понатамошно школување | Ученици од 9 одд. од ООУ„Страшо Пинџур“ с.Соколарци | Педагошко-психолошка служба | Во текот на учебната година |
| 4 | Спроведување на анкета за продолжување на образованието | Ученици од 9 одд. од ООУ„Страшо Пинџур“ с.Соколарци | Педагошко-психолошка служба | Април |
| 5 | Советодавна работа со учениците и родителите околу запишувањето | Ученици од 9 одд. од ООУ„Страшо Пинџур“ с.Соколарци | Педагошко-психолошка служба | Мај |
| 6 | Следење на дневниот | Ученици од 9 одд. од ООУ„Страшо | Одделенски раководители, | Март - Мај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | печат и набавка на конкурсот за упис во средните училишта | Пинџур“ с.Соколарци | Педагошко-психолошка служба | |
| 7 | Презентација од средните училишта и поделба на флаери на учениците од нивна страна | Ученици од 9 одд. од ООУ„Страшо Пинџур“ с.Соколарци | Професори од средни училишта | Мај |
| 8 | Поставување плакати за средните училишта | Ученици од 9 одд. од ООУ„Страшо Пинџур“ с.Соколарци | Педагошко-психолошка служба | Мај |
| 9 | Разгледување на Web страници од средни училишта | Ученици од 9 одд. од ООУ„Страшо Пинџур“ с.Соколарци | Педагошко-психолошка служба, Наставник по информатика | Април - јуни |

Одговорни лица

Педагошко-психолошка служба

Викторија Костадинова

Кети Филипова

**15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација**

Училиштето презема мерки за намалување на дискриминацијата на учениците, нивна заштита од насилство, злоупотреба и сл. Во тој контекст редовно се одржуваат работилници и тоа и од страна на одделенските раководители за време на одделенските часови и од страна на стручната служба. Во одредени случаи, родителите задолжително се повикуваат на советување и давање насоки за постапување во однос на воспитувањето на нивните деца. Со цел заштита на учениците од злоупотреба, занемарување и запуштање, училиштето редовно соработува со Центарот за грижи и воспитување на деца. Во училиштето многу ретко се забележува вршење на меѓуврсничко насилство. При ваква појава стручната служба во соработка со наставниците и родителите на учениците преземаат активности, со цел надминување на ваквата појава.

**Програма за превенција од насилно однесување во основното училиште**

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Целна група** | **Очекувани исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Секојдневни дежурства од страна на ученици со посебно место и задачи на дежурниот ученик | Во текот на учебната година | Ученици од V – IX одделение | Учениците | Ограничен пристап на надворешни лица во училиштето од безбедности причини |
| Секојдневно дежурство од | Во текот на | | | Превенција од инциденти на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| страна на наставниците со определено место и задачи | учебната година | Сите наставници | Учениците | насилно однесување |
| Организирање работилници за ученици за справување со конфликти на конструктивен начин | Ноември, февруари и март | Училишна заедница | Учениците | Стекнување знаења и вештини за справување и разрешување на конфликти |
| Вклучување во проекти на тема справување со насилство од страна на други институции | Во текот на годината | МВР, Општина Чешиново - Облешево | Ученици, наставници и Педагошко-психолошка служба | Стекнување знаења и вештини за справување и разрешување на конфликти и намалување на насилството |
| Соработка со Полициска станица Кочани | По потреба | Секторот и стручната служба | Учениците | Справување со насилно однесување во училиштето |

# 16. Оценување

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди. Оценувањето е дел од процесот на наставата и учењето, потребно е да се планира затоа што дава повратна информација за процесот на учење и поучување, обезбедува соодветни информации за претходното учење и за учењето што ќе следи како за наставниците така и за учениците, го подобрува квалитетот и објективноста во оценувањето.

**Видови оценување и календар на оценување**

**Дијагностичко проверување и оценување**

На почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и оценување со цел да ја спознае состојбата таква каква што е во функција на квалитетно планирање и реализирање на идните активности. Се спознаваат предзнаењата во најширока смисла на зборот, социјализациските аспекти на развојот, емоционалниот развој и физичкиот развој. Дијагностичкото оценување наставникот може да го реализира со примена на повеќе инструменти како што се дијагностички тестови, усни прашања подготвени од наставникот или учениците, пишување кратки состави или со други инструменти. Добиените одговори се слика на ученичките предзнаења во најширока смисла на зборот и се основа за планирање на реализација на наставната програма.

**Формативно оценување**

Во текот на наставата се користи формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците кое опфаќа:

-собирање на показатели (детски изработки, творби, искази исл.) за секој ученик посебно;

-тековни евалвациони листи за секој ученик кои се пополнуваат по конкретна активност;

-инструменти кои се однесуваат на секое програмско подрачје поединечно;

-разговори наставник/ученик;

-усни презентации, писмени вежби, тестови, домашни работи;

-портфолио-собирање на показатели и сл.

Портфолиото во текот на целата година им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетна реализација на наставата. Портфолијата пречистени продолжуваат во наредното одделение.

**Микросумативно оценување**

На крајот од секое тримесечје врз основа од сознанијата од формативното оценување се реализира микросумативно оценување од чии резултати се оформуваат тримесечните описни вреднувања за постигањата на учениците.

**Сумативно оценување**

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето, проверката на постигањата на учениците наставникот ја опишува развојната состојба на секој ученик поединечно во рамките на секое програмско подрачје.

Учениците од прво до трето одделение на крајот на учебната година се оценуваат описно, а на тримесечјата добиваат евидентни листи кои остануваат како дел од ученичкото портфолио.

За оценување на учениците од четврто, петто и шесто одделение се користи комбинирано описно и бројчано оценување, а на крајот на годината ученикот се оценува со нумерички оценки од 1 до 5.

Учениците од седмо до деветто одделение се оценуват бројчано на тромесечјата и на крајот на учебната година.

**16.2. Тим за следење, анализа и поддршка**

Во училиштето постои тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи. Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол. При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата – оцените. Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.

Училиштето како институција дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи и разговор со стручните соработници.

**Акциски план на активностите на оценување**

| **Одделение** | **Вид на оценување** | **Период на оценување** |
|---|---|---|
| I-VI | Описно | Ноември 2025 |
| VII-IX | Бројчано | Ноември 2025 |
| I-III | Описно | Крај на прво полугодие/декември 2025 |
| IV-IX | Бројчано | Крај на прво полугодие/декември 2025 |
| I-VI | Описно | Март 2026 |
| VII-IX | Бројчано | Март 2026 |
| I-III | Описно | Крај на учебна година/јуни 2026 |
| IV-IX | Бројчано | Крај на учебна година/јуни 2026 |

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Тимот за следење и проверка составен од директорот на училиштето и стручните соработници планира да изврши посета на наставни часови и вонннаставни активности од еднаш до двапати во полугодие или од два до четири пати во текот на учебната година кај еден наставник со претходно изготвени инструменти и временска рамка за посета. По завршените посети тимот изготвува записник и секој наставник добива проценка за реализираниот час. Исто така директорот на училиштето ги следи активности на стручната служба при што потоа дава проценка за нивната работа по претходно изготвен инструмент.

## 16.4 Самоевалуација на училиштето

Самоевалуација на училиштето е документ кој се изработува на секои две години се со цел утврдување на квалитетот на работата на основното училиште. За успешно спроведување на самоевалуацијата е предвидено вклучување на учениците, родителите и наставниот кадар при изработката на истата со пополнување на анкети поврзани со наставните подрачја кои се дел од самоевалуацијата и тоа:

Подрачје 1: **ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ**

Подрачје 2: **ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

Подрачје 3: **УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

Подрачје 4: **УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

Членови на училишна комисија за спроведување на самоевалуација на училиштето се:

1. Педагог - Викторија Костадинова

2. Психолог - Кети Филипова
3. Наставник – Сања Пешовска
4. Наставник - Влатко Давитков
5. Наставник – Тодорка Стоименова

Училишната комисија сите активности кои се неопходни за реализација на самоевалуацијата ги спроведе во месец мај-јуни 2024 год. Наставниците беа поделени во тимови кои ќе ги анализираат сите 4 подрачја од самоевалуацијата, ги спроведоа предвидените анкети со ученици, родители и наставници, а по завршувањето на овие активности комисијата изработи Извештај од спроведена самоевалуација за периодот 2022 – 2024 год. во кој се истакнати клучните јаки страни како и слабите страни од секое подрајче. Врз основа на јаките и слабите страни ќе се донесат и идни активности за подобрување на квалитетот на работата на основното училиште.

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето има изготвено план за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште кои се реализирааат на секои две години каде учениците се запознаваат со превенција и заштита од природни и други несреќи- пожари, поплави и сл. Последната вежба беше реализирана на 18.11.2024 година каде учениците беа запознаени со начинот на евакуација при пожар во училиштето.Во училиштето работи и клубот подмладок на Црвен крст каде учениците учествуваат на обуки и предавање за Прва помош и заштита.

Во училиштето има противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба. Учениците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност.

За заштита и безбедноста на просториите во училиштето има план за дежурства на наставници и техничка служба за време на часовите и одморите. Поставени се видео камери во училиштето во ПУ с.Чешиново, ЦОУ с.Соколарци и ПУ с.Спанчево.

**План за евакуација на училиштето**:










# 18.Грижа за здравјето

## 18.1.Хигиена во училиштето

Нашето училиште има четири подрачни училишта, од кои подрачното училиште во село Жиганци веќе неколку години е во мирување поради немање доволен број ученици. Хигиената во подрачните објекти како и во централниот објект постојано се одржува со цел да се заштити здравјето на учениците и вработените. Во контекст на одржување на хигиената во училиштата континуирано се спроведуваат следните активности:

- Вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација во сите простории во централното и подрачните училишта најмалку двапати годишно;
- Постојано чистење и дезинфицирање на подовите во холовите и училниците како и училишните клупи и столчиња;
- Чистење на санитарните јазли после секој одмор на учениците и нивно дезинфицирање по завршување на наставата;
- Поставување на течен сапун и тоалетна хартија во сите тоалети;
- Употреба на квалитетни санитарни средства;
- Редовно и навремено исфрлање на отпадокот од училниците и сите останати простории по завршување на наставата;
- Редовно чистење и одржување на училишниот двор и училишниот парк;
- Редовно засадување нови садници од украсни цвеќиња како и зимзелени растенија во училишните простории и училишните дворови;

### 18.2. Систематски прегледи

Во текот на учебната година се прават систематски прегледи на учениците од: 1, 3, 5, 7 и 9 одд. Тоа се реализира во координација со здравствена установа и нивни претставник, а со цел превземање мерки за заштита, превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии. Паралелно со тоа се прават и повеќе систематски прегледи на забите исто така со претставник од здравствена установа заради заштита и превенција на забите кај децата. Реализацијата се одвива надвор од сменското работење без попречување на редовната настава во придружба на одделенските раководители како и родителите на учениците од одделенска настава.

## 18.3. Вакцинирање

Со вакцинација се опфаќаат учениците од 1 до 9 одд. со претставник од здраствена установа. Истата се извршува во просториите на здраствената установа, а се прави заради заштита и превенција од болести.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана

Во текот на целата учебна година се реализираат содржини наменети за здрава и правилна исхрана на учениците со истовремено одржување на лична хигиена. Едукацијата се врши на одделенските часови, на часовите по животни вештини, природа, биологија, македонски јазик и други наставни предмети, а реализатори се сите наставници. Исто така ваков вид на предавања може да реализираат и претставници од здраствените установи па и поедини родители кои што се подобро упатени и едуцирани во оваа област, а со претходен договор и по потреба. Вакви содржини се реализираат и преку водење кампања за здрава храна во текот на учебната година, а со цел подигање на свеста кај учениците за значењето на здравата исхрана. Исто така оваа година директорот, педагогот, психологот заедно со одделенските раководители реализираа работилници за здрава исхрана согласно со „Светскиот ден за здрава исхрана“ прку креативни работилници.

## 18.5. Едукација за орално здравје

Во текот на учебната 2025-2026 година ќе се реализираат повеќе едукативни работилници од областа на оралното здравје и грижата за него со учениците од 1 до 9 одделение. Едукативните работилници имаат за цел да ја акцентираат важноста на оралното здравје и редовното одржување на оралната хигиена.

# 19. Училишна клима и односи во училиштето

## 19.1. Дисциплина

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работа, остварување на визија и мисија на училиштето. Мисијата на нашето училиште е да го поттикнуваме оптималниот индивидуален развој на учениците и наставниците, да создава здрава училишна клима во која се негува меѓусебното почитување и разбирање. Да обезбедиме современи услови за работа и еднакви можности за учење и напредување кои ќе ни покажат каде понатаму ќе го трасираме својот иден пат до посветла и посигурна иднина. Грижа за здравјето и безбедноста на учениците, мултикултурализмот, меѓуетничка соработка, подобрување на партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар е почитуван од родителите и месното население. Учениците и вработените се грижат за училишниот углед и се горди што се дел од него.

Односите во училиштето се уредуваат нормативно со следните правилници и акти:

- Куќен ред;
- Кодекс на однесување на учениците;
- Кодекс на однесување на наставниците;
- Кодекс на однесување на родителите;
- Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки;
- Правилник за оценување, напредување и полагање испити;

- План за организирање и изведување на ученички излети и екскурзии;
- Правилник за водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација.

Во постапката за донесување на наведените кодекси и правилници вклучени се и учениците во рамките на активностите на нивните ученички заедници и училишната заедница. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на правилата на однесување пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во пракса.

Во интерес на одржување на добри односи во училишната средина, се реализираат и следните активности:

- Дежурство на учениците во училница;
- Дежурство на наставници;

Во училиштето се води грижа на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури во училиштето. Дисциплината во училиштето е добра, постои работна атмосфера, вработените се справуваат со проблемите и соодветно се применува правилникот за педагошки мерки.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Учениците во соработка со наставниците и обратно наставниците со учениците секојдневно водат грижа за естетското и функцонално уредување на училишниот простор во текот на целата учебна година. Тоа се постигнува преку изработка на творби на учениците и наставниците во корелација со наставните содржини, празници и годишни времиња. Со оваа учениците се наведуваат на чување и грижа за уредениот простор, а исто така доаѓаат до нови сознанија од повеќе области.

### 19.3 Етички кодекс

По повод одредени верски и државни празници се организираат отворени денови на кои што ќе бидат изложени одредени изработки од учениците, родителите и наставниците каде што ќе се види нивната креативност и желба за нивно истакнување и пофалба. На овие денови изработените творби може да се постават на продажба, а средствата се наменети за потребите на учениците или хуманитарни цели.

Еколошката состојба во училиштето е добра, има формирано еко - тимови за набљудување и подобрување на еколошката состојба во училиштето, училишниот двор и непосредната околина на училиштето. Во холот, ходниците и училниците има истакнато еко-кодекси како упатство за реализција на еко – програмата во училиштето, а со тоа и на одржување на хигиената во целиот простор во училиштето преку што напоредно се води и грижа за здравјето на самите ученици. Како резултат на реализираната Еко програма нашето училиште се има стекнато со највисоката награда-добитник на Зелено знаме. Со ова влеговме во европската Еко мрежа на училишта.

**19.4.Односи меѓу сите структури**

Соработката во нашето училиште е на задоволително ниво помеѓу сите структури во училиштето: директор- наставник, педагошко психолошка служба, ученик, помошно технички персонал и родител; наставник- наставник; наставник- ученик; наставник-родител; наставник- стручна служба; наставник- помошно технички персонал; ученик- помошно технички персонал;

Соработката се постигнува и подобрува преку одржување на: одделенски и наставнички совети, родителски средби, индивидуални средби со родителите, прослави и приредби по повод одредени празници- детска недела, Нова година, 8$^{ми}$ Март, патронен празник на училиштето, излети и екскурзии, каде што се гледа успешноста на нашето училиште кое го краси добра клима која што ќе ја подобруваме и понатаму бидејќи училишната клима е основа за постигнување на поголем успех во училиштето.

За воспоставување на ваквата училишна клима инволвирани се директорот, наставниците, вработените во училиштето и учениците.

Во училиштето учат ученици од иста етичка припадност - Македонци. Сите ученици меѓусебно добро соработуваат, си помагаат во сите задачи и обврски, се дружат и активно учествуваат во реализацијата на наставата и наставните содржини. Од страна на наставниците и другите вработени во училиштето третманот кон сите ученици е ист без разлика на полот.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени од МОН и БРО и организира интерни обуки. Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Редовно се вршат дисеминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат наставниците кои не биле присутни на обуките или семинарите.

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Континуираното образование, односно усовршување на наставникот има свое посебно значење. Секоја индивидуа има потреба од постојано учење, а учењето во текот на целиот живот е од особена важност токму за наставничката професија.

Детектирањето на потребите и приоритетите за стручно усовршување и професионален развој на образовниот кадар ќе се спроведува врз основа на:

- Анкетирање на наставниците за нивните потреби за стручно усовршување;
- Сознанијата на педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето, добиени од директното следење на наставата;
- Самоиницијативно пријавување од страна на наставниците;
- Пријавување на наставниците на сите понудени обуки, семинари, онлајн курсеви итн.

Тимот за професионален развој во соработка со стручната служба и консултација со останатите наставници за нивните потреби, а во рамките на можностите и ресурсите со кои располага одлучи да спроведе две интерни обуки во текот на 2025/2026 година кои ќе бидат реализирани од страна стручната служба на училиштето – психолог и педагог и наставникот по информатика:

1. Обука за воведување во новитетите за новиот електронски дневник;
2. Работилница за психосоцијална поддршка на менталното здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуација на криза

## 20.2 Активности за професионален развој

Професионалниот развој подразбира секојдневно професионалено и лично растење на поединецот, процес кој подразбира здобивање со нови знаења, вештини, способности и стратегии во соодветните области и оспособување за примена на новостекнатите знаења.

Активностите за професионален развој освен од личниот интерес и потребите на самиот наставник, зависат и од потребите на самото училиште и понудите од БРО, МОН и други невладини организации кои работат на проекти од образованието.

Како резултат на потребите на наставниците за организирање на горе наведените обуки училиштето направи и акционен план за реализирање на истите:

| **Акционен план за спроведување на обуки** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Обука** | **Време на реализација** | **Реализатор (обучувач)** | **Ресурси** | **Очекувани резултати** | **Потребен буџет** |
| 1. Обука за воведување во новитетите за новиот електронски дневник | Септември | Наставник по информатика Влатко Давитков | Компјутер, проектор, интернет, смарт табла | Идентификување на клучните елементи на ефективен систем за справување со предизвиците со кои што ќе се соочат наставниците | Сопствени средства |
| 2.Работилница за психосоцијална поддршка на менталното здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуација на криза | Во текот на учебна 2025-2026 година | Стручна служба – педагог, психолог | Компјутер, проектор, интернет, смарт табла | Намалување на стравот и несигурноста, враќање на чувството на безбедност, почит и грижа за поединецот како и враќање на самодовербата и довербата во заедницата/ деца, возрасни, и во системите на заштита. | Сопствени средства |

**20.3. Личен професионален развој**

Личниот професионален развој на наставникот се следи преку професионално досие на наставникот и се развива преку следење на семинари и обуки организирани од МОН и БРО, како и од дисеминации и обуки организирани од страна на училиштето. Во текот на годината се реализираат посети и анализи на наставни часови кај секој наставник. По посетата на часот наставникот реализира консултација со тимот кој го посетил (директор и педагог), притоа му се дава извештај од спроведената посета и му се укажува на јаките и слабите страни од часот со насоки за надминување на пропустите и унапредување на професионалниот развој.

**20.4 Хоризонтално учење**

Се планираат различни размени на искуства, стекнати знаења и методи, формите и техниките за реализација на наставата се врши преку состаноци на ниво на стручни активи, работилници со сите наставници и состаноци и индивидуални разговори со стручната служба. Освен за размена на професионално искуство тимската соработка е многу важна и продуктивна за развивање на отворена комуникација, взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации.

Активности кои ќе биде спроведувани како начини на хоризонтално учење:

• Прибирање и разгледување на информации за можноста за професионален развој на национално ниво:

- информации за семинари и други активности за професионален развој во кои може да учествуваат просветни работници;
- информации за акредитирани програми за стручно усовршување на наставниците;
- поврзување со други училишта;
- информирање за тоа што одредени невладини и меѓународни организации планираат за идниот период.

• Совети – поддршка на барање на наставниците или врз основа на следењето на наставниот процес:

- советување на наставниците за различните видови на професионален саморазвој;
- поддршка на наставниците кои имаат потешкотии во работата.

• Формирање на групи од ист интерест за различни области, во кои би работеле повеќе личности кои имаат заеднички интереси.

• Организирање на дебати, панел дискусии, презентации и слично, на кои ќе се разгледуваат теми од образованието, во училиштето или во соработка со другите училишта од општината.

• Организирање на интерни работилници за сите наставници или за наставници кои предаваат ист предмет од повеќе училишта на теми како што се организација на работата во училницата, современи наставни форми и методи, корелација и интеграција на наставни предмети и сл.

• Јавни (нагледни) часови, на кои ќе бидат презентирани интерактивни методи на работа, примена на ИКТ во наставата, формативно оценување, индивидуална поддршка на учениците.

• Менторирање на наставниците приправници.

• Поддржување на индивидуалното учење (процес преку кој наставникот со поддршка на колегите се развива и ја подобрува својата работа).

Носители на сите овие активности ќе бидат наставниците, стручната служба и директорот на училиштето, а истите ќе се спроведуваат во текот на целата наставна година.

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

За покажување на добри резултати на училиштето потребно е сите да учат и да се подобрат, не само учениците туку и вработените. Тоа е еден од условите за да биде училиштето ефективно и да се грижи за кадарот како и за неговиот професионален развој и напредување. Професионалниот развој ќе опфати учење, подготвеност за промени, решавање на специфични стручни проблеми, промени во однесување и работа, чувство дека личноста е почитувана и ценета на своето работно место.

Со примена во пракса и подготвени да се внесат промени во начинот на работа, во однос на ученици, колеги и родители како и начинот на комуникација во училиштето, тоа води и кон кариерно напредување на воспитно образовниот кадар. Најдобри резултати за кариерен развој се постигнува ако професионалниот развој се одвива на ниво на училиштето и е базиран на личните податоци. Стручниот актив е јадро на учење на едни од други.

- Активности/обуки во училиштето;
- Надворешни активности/обуки;
- Разговори помеѓу наставниците;
- Менторство помеѓу колегите
- Состаноци на стручни активи;
- Разговори во врска со кариерниот развој;
- Набљудување на другите наставници во училницата;
- Тимска настава;
- Посети во други училишта
- Работни групи и групи за планирање
- Инволвираност во евалуацијата;
- Договарање за описот на работата;
- Интервјуа за професионален развој помеѓу директорот, педагогот, психологот и наставникот;
- Можности за преземање на разни задолженија

# 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

**Вклученост на семејствата во училиштето**

Во рамките на оваа активност ООУ „Страшо Пинџур“ с.Соколарци остварува соработка со семејството, родителите на учениците, индивидуални средби на родителите со наставниците, одделенските раководители, стручните соработници и директорот на училиштето и согласно воспоставената практика ќе соработува во сите сегменти на својата работа и делување во учебната 2025/2026 год.

**Вклученост на родителите во животот и работата на училиштето**

Тргнувајки од заедничките интереси на училиштето и родителите, во училиштето активно делува Советот на родители кој работи според претходно изготвена Програма за работа, но се вклучува и во решавање на актуелните проблеми и потреби на училиштето. Родителите се вклучуваат во целокупната работа на училиштето и земаат улога во работењето на Училишниот одбор. Училиштето ги вклучува родителите при организација и реализацијата на екскурзии, избор на ученичка униформа, ужинка, реализација на натпревари, приредби, промоции, спортски манифестации и ликовни изложби, поставување на декор, украсување на училиштето, реализација на предавања за унапредување на здравјето и реализација на настава (експерти од одредени професии). Родителите се вклучени и во организирање на културно-забавниот живот на учениците, во организирање на општествено корисна работа, организирање на хуманитарни акции по потреба.

## План за вклученост на родителите во давање на идеи, предлози и донесување одлуки

Родителите како партнер во работата на училиштето во текот на учебната година можат да реагираат на одредени состојби, да даваат свои сугестии и мислења. Нивното дејствување е и преку Советот на родители се инфорирани и се зема предвид нивниот став за одлуките кои ги донесува училиштето.

Исто така, тројца претставници од Советот на родители се членови во Училишниот одбор на училиштето и учествуваат во донесување на значајни одлуки за училиштето. Учествуваат во формирање комисии, во финансиски одлуки, како и одлуки од суштинско значење за квалитетно одвивање на наставниот процес.

Училиштето е отворено за родителите и кога имаат потреба се обраќаат кај одделенските раководители, стручните соработници и директорот .

Училиштето постојано е отворено за соработка со родителите како за информирање на родителите така и за нивна вклученост во организирањето и донесувањето на одлуки во работата на училиштето преку советот на родители и нивно вклучивање во проектни активности.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

**Вклученост на родителите во процесот на учење:**

Соработката со семејствата на учениците е од особена важност за подобрување на успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот. Соработката со одделенскиот раководител, наставниците, педагогот со цел континуирано и редовно информирање на родителот на ученикот придонесува за надминување на пројавените проблеми. Училиштето ги информира семејствата за успехот на учениците преку општи родителски средби, индивидуални средби со родителите, телефонски и писмени контакти, посета на семејството на ученикот (класен раководител, педагог, психолог и директор). Родителите даваат поддршка во

професионалната ориентација на учениците и ги поддржува активностите за поддршка на талентираните и учениците со ПОП. Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

**Вклученост на родителите во активностите на училиштето:**

Училиштето ги вклучува родителите при реализацијата на екскурзии, вонначставни активности, училишен продажен хепенинг, натпревари, приредби, манифестации, промоции и др.

**Вклученост на родителите во донесување одлуки:**

Работата на Советот на родители придонесува за осовременување на условите за работа и унапредување на реализација на наставата и воннаставните активности во училиштето. Секој заинтересиран родител има можност да даде придонес за подобрување на работата на училиштето преку давање идеи, сугестии, учество во работа на Совет на родители, поддршка во реализација на активностите и проектите на училиштето. Советот на родители се ангажира за подобрување на успехот и поведението на учениците, односот на ученикот со наставникот и соучениците, намалување на изостаноците, осовременување на наставата и нејзино прилагодување на потребите на учениците.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата на родителите се реализира преку работилници за Советот на родители, едукативни предавања реализирани на општите родителски средби, разговори и советувања. Во училиштето се реализира Програма за советување родители со која родителите се советуваат и едуцираат како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех.

**Изработка на брошури за родители:**

Училиштето изработува информативни брошури во кои се наведени информации за плановите на училиштето во учебната година, приемни термини на наставниците, реализација на настава и воннаставни активности, а во текот на годината информации за напредокот на учениците и реализирани активности на училиштето. Нашето училиште континуирано ја унапредува и продлабочува соработката со Локалната заедница.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

### 22.1Локална заедница

| Содржина | Место | Носители | Учесници | Време |
|---|---|---|---|---|
| Свечен прием на првачињата | Чешиново,Соколарци,<br>Спанчево,<br>Уларци | Локална самоуправа,<br>училиште | Локална самоуправа,<br>наставници,<br>ученици | 01.09.2025 |
| Учество на конкурсот по повод денот на општината | Чешиново-Облешево | Наставници | Ученици од литературната секција | 21.09.2025 |
| Прием во детската организација на првачиња | Чешиново-Облешево | Локална самоуправа,<br>училиште | Локална самоуправа,<br>наставници | 1-5 Октомври |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на денот на учителите | Чешиново | Училиште, наставници | Наставници | 05.10.2025 |
| Учество на литературни читања | Училиште, други институции | Наставници | Наставници, членови на литературната секција | Во текот на целата година |
| Учество на општински,регионални и републички литературни и ликовни конкурси | Училишта и места одредени за натпреварите | Наставници | Наставници, ученици | Во текот на целата година |
| Посета на театарски претстави и изложби | Кочани | Наставници | Наставници, ученици | Во текот на целата година |
| Посета на изложба за денот на оризот | Библиотека, Дом на културата-Кочани | Училиште | Наставници, ученици | Октомври 2025 |
| Работилница по повод Денови на оризот | Училиште | Училиште, Наставници | Наставници, ученици | Октомври 2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на мартинки | Училиште | Наставници | Наставници, ученици | 1-ви Март 2026 |
| Организирање маскенбал по повот денот на шегата | Училиште, училишен двор | Училиште | Ученици | 01.04.2026 |
| Прослава на патрониот празник на училиштето и други празници според календарот ( новогодишна програма, велигденска изложба и др. ) | Училиште,училишен двор | Училиште,локална самоуправа | Наставници, ученици- членови на секции | Декември, април, мај |
| Одбележување на „Светски ден на храната“ | Училиште | Наставници, ученици | Наставници,ученици, | Октомври 2025 |
| Одбележување на недела на информатика | Соколарци-Чешиново | Наставници ученици | Наставници, ученици, родители | Февруари 2026 |
| Посета на општината и градоначалникот | Чешиново-Облешево | Наставници | Наставници, ученици | Април-Мај 2026 |
| Соработка со локални, регионални и државни медиуми | Чешиново-Облешево,Кочани,РСМ | Училиште | Наставници, ученици | Во текот на целата учебна година |
| Недела на кодирање | Училиште | Наставници | Наставници, ученици | Во текот на прво полугодие |

### 22.2. Институции од областа на културата

Активности кои ќе се реализираат во соработка со институции од областа на културата:

- Посета на театарски претстави во Домот на културата „Бели мугри“;
- Посета на Саем на книгата во матичната библиотека „Искра“;
- Посета на Новогодишен концерт во организација на ОМУ „Ристо Јуруков“ –Кочани;
- Посета на ликовни изложби во културните институции во општината;
- Учество на културни и забавни манифестации во организација на општината
- Посета на собрание
- Посета на метеоролошка станица-Виница
- Еднодневна посета во Винчини Чоколенд - Виница
- Посета на „Златно славејче”
- Посета на производствен погон-Макпрогрес
- Посета на археолошки локалитет „Црквиште“-с.Мородвис
- Посета на театар

Носители на наведените активности ќе бидат учениците, одделенските и предметните наставници.

### 22.3. Институции од областа на образованието

Соработката со институциите од областа на образованието, како што се МОН, Биро за развој на образованието, Државен просветен инспекторат, ДИЦ, други училишта од општината и пошироко ќе биде континуирана и според потребите на сите вклучени страни.

Активности кои ќе се реализираат во соработка со институциите од областа на образованието:

- Доставување барани информации и податоци за потребите на БРО и ДПИ;
- Барање мислења, совети и препораки за реализирање на што поквалитетна настава од релевантните образовни институции;
- Присуство на обуки, семинари и работилници организирани од БРО.

Носители на наведените активности ќе бидат директорот, стручната служба и наставниците.

### 22.4. Невладини организации

Соработката со невладините организации е од големо значење за целокупниот развој и напредок на училиштето. Во учебната 2025/26 година и понатаму ќе продолжи соработката со невладините организации: USAID, Еко Логик (здружение на граѓани), Македонско еколошко друштво, Организација на Црвен крст – Кочани.

### 22.5. Спортски друштва

Училиштето има одлична соработка со голем дел од спортските друштва во нашата и соседните општини. Исто така имаме соработка и со Федерација на училишен спорт на РСМ.

### 22.6. Здравствени организации

Активности кои ќе се спроведуваат во соработка со здравствените институции:

- Доставување податоци за учениците на барање на Одделението за имунизација и систематски прегледи при Општа болница Кочани;
- Вакцинирање на учениците според календарот за имунизација;
- Спроведување систематски прегледи на учениците;
- Спроведување на санитарен преглед на вработените од страна на ХЕС;
- Следење и одржување на оралното здравје кај учениците;

- Добивање податоци за училишни обврзници во учебната 2025/26 година од Одделот за вакцинации.
- Вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на ХЕС во училиштето
-Спроведување работилници со учениците од страна на ПЗУ Ана-Мед Чешиново.

Активностите ќе бидат спроведувани континуирано во текот на учебната година, во договор со Општа болница Кочани. Носители ќе бидат директорот, стручната служба, наставниците, учениците и останатите вработени во училиштето.

### 22.7. Медиуми

Постигањата и напредокот на училиштето во целост и оваа учебна година ќе бидат медиумски покриени преку локалните телевизии ТВК и Канал 8, Училишен весник, WEB-страна, Facebook-страна, Брошури.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| **Следење на наставните активности** | **Посета на часови**<br>**2 пати во текот на едно полугодие** | **Директор Стручна служба** | **Одделенските и предметните наставници** |
| **Следење на воннаставни активности** | **Посета при подготовка и реализација на активноста** | **Директор Стручна служба** | **Одговорните лица за реализација на активноста** |
| **Следење на активности од страна на стручната служба** | **Посета при подготовка и реализација на активноста** | **Директор** | **Стручна служба** |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Активностите предвидени во Годишната програма за учебната 2025/2026 година ќе бидат следени од страна директорот, стручната служба, училишниот одбор, наставничкиот совет и советот на родители со цел да се увиде нивната реализација. За секоја спроведена активност ќе се соберат повеке инструменти како докази и тоа прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процесот на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти.

После спроведената активност ќе се донесат заклучоци и препораки кои ќе бидат со цел успешно да се реализира воспитно образовниот процес.

## 25. Заклучок

Годишната програма за работата на основното училиште се изготвува секоја учебна година. Годишната програма се изготвува врз основа на Развојната програма во која што се планираат целите и визијата за развојот на училиштето во периодот од четири години со конкретно наведени активности согласно со стратешките и концепциските и стручните документи и упатства утврдени од надлежните институции. Со Годишната програма за работата се планира наставата согласно со наставниот план, проширената програма и друга воспитно образовна работа во училиштето. Во рамките на годишната програма за работа се планира и промоција на добросостојба на учениците,заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување од дискриминација, професионална ориентација на учениците, меѓуетничка интеграција и заеднички ученички иницијативи, инклузивни практики соработка со родителите односно старателите, активности за заштита на животната средина, културни активности на училиштето и сите други активнсти согласно со приоритетите на училиштето. Сите овие набројани приоритети вметнати во годишната програма се имплементираат во образовниот процес во текот на целата учебна година. Формата и содржината на годишната програма за работата ги утврдува министерот, на предлог на Бирото. Ние како училиште максимално ќе се вложиме за да ги оствариме целите и приоритетите од годишната програма. Се надеваме на  успешна и плодна учебна година.

## 26.Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Тим кој учествува во изработка на училишната Годишна програма се состои од тим на седум членови:

Директор – Ленче Јакимова

Педагог – Викторија Костадинова

Психолог – Кети Филипова

Наставник по одделенска настава – Христина Данилова

Наставник по одделенска настава – Силвана Арсова

Наставник по предметна настава – Сашко Ефремов

Наставник по предметна настава – Дарко Стојанов

## 27.Користена литература

Од литература училиштето користеше:

1. Законот за основно образование Сл. Весник на РСМ, бр. 161/2019, 229/20 и 3/25

2. Правилникот за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на основното училиште – врз основа на член 49 став (6) од Законот за основно образование („Сл. Весник на Р.С. Македонија“, бр. 161/19)

3.Правилник за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од основните училишта

4. Закон за јавни набавки (Сл. весник на Р Македонија, број 24/2019година)

5. Статистички извештај за работата на училиштето

6. Статутот на училиштето

7. Годишен план за јавни набавки

8. Програма за развој на училиштето

9. Годишна програма од претходната учебна година 2023/2024

10.Извештај од самоевалвација

11.Правилник за работа со Е- дневникот

12.Закон за наставници и стручни соработници

13. Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2024-2025 год

14.Наставни планови и наставни програми за основно образование одобрени од Бирото за развој на образованието

-насоки за планирање и организација на наставата

-критериуми за оценување

- стандарди за оценување

-норматив за наставни средства и помагала

## 28. ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

-Програма за работа на Директор

-Програма за работа на Педагог

-Програма за работа на Психолог

-Програма за работа на Наставнички совет

-Програма за работа на стручни активи

-Програма за работа на одделенски совети

-Програма за работа на училишен инклузивен тим

-Програма за работа на хор и оркестар

-Програма за работа на заедница на паралелката

-Програма за работа на ученички парламент

-Програма за работа на ученички правобранител

-Распоред на часови

-Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања

-Програми за воннаставни активности

-Програма за додатна настава

-Програма за дополнителна настава

-Програми за вонучилишни активности

- Програма за реализација на ученички натпревари

-Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

- Проекти што се реализираат во основното училиште

-План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

-План за професионална ориентација на учениците

-План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

-План за следење и анализа на состојбите со оценувањето

-План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

-Програма за самоевалуација на училиштето

-Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

- Распоред на дежурни наставници

- План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)

-Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

- Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите

-Програма за соработка со локална средина и локална заедница

-Програма за грижа за здравјето на учениците

-Програма за јавна и културна дејност на училиштето

-Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

-Пограма за детска организација

-Проширена програма за проифаќење на учениците од прво до трето одделение за учебната 2023/2024

-Програма за анрикорупциска едукација на учениците

-Програма за работа на библиотека

-Програма за превенција од насилно однесување во основното училиште

-Програма за советување на родители

-Програма за работа со талентирани ученици

-Програма за психосоцијална помош и подршка и унапредување на менталното здравје кај учениците

-Програма за екскурзии, излети и посети

- ***Дата:______________година*** ***Потпис на Директор: Ленче Јакимова***

***М. П***

***Потпис на претседател на УО: Ивана Митрова***